РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДОЈРАН
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 09-233/1
09.02.2022 год.
СТАР ДОЈРАН

Врз основа на член 46 став (3) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ"Бр. 32/2020), Градоначалникот на Општина Дојран на ден 09.02.2022 година објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС
## за пријавување на членови на партиципативно тело на општина Дојран

**1. Предмет на овој јавен повик е**: Доброволно пријавување на лица за членови на Партиципативно тело на општина Дојран.

Партиципативното тело на општина Дојран ги претставува сите различни интереси и интересни групи во општината и ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица, ги следи состојбите во планирањето преку давање иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански решенија и во постапката за изработување и донесување на плановите ги разгледува планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија.

Партиципативното тело има право да расправа за сите работи од надлежност на единицата на локалната самоуправа и може да влијае на планските решенија и политиките на просторен развој, преку презентирање на своите мислења на советот на општината.

**2. Услови за пријавување**: Пријава по овој јавен оглас можат да поднесат сите заинтересирани лица кои се претставници од урбаните и месните заедници, претставници на невладините организации од различните сегменти на урбаниот живот, здруженија на граѓани и граѓански активисти од подрачјето на општината што ги претставуваат различните групи на граѓани, како и граѓани што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и другите стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на општината.

**3. Документи кои се поднесуваат:**

- Пријава за член на партиципативно тело за подрачјето на општина Дојран (образецот е во прилог на повикот),
- Кратка автобиографија,
- Изјава за давање согласност за заштита на лични податоци (образецот е во прилог на повикот),
- Изјава за прифаќање на условите по овој повик (образецот е во прилог на повикот).
- Релевантен писмен доказ за исполнување на условите за учество од точка 2 на огласот (копија)

**4. Рок и место на поднесување на пријави:** Пријавите по јавниот оглас со комплетната документација можат да се поднесат преку пошта на адреса: Општина Дојран, ул. Кеј 5-ти Ноември бр.1 Стар Дојран 1487, во рок од 30 дена од денот на објавување на јавниот повик.

На пријавата да се наведе: ***„Пријава по јавен оглас за членови на партиципативно тело за подрачјето на општина Дојран"***

**5. Обврски на членовите на партиципативното тело:** Партиципативното тело заседава најмалку еднаш на два месеци и има консултативна улога во постапката за изработување и донесување на урбанистички планови, особено ја разгледува планската програма во фаза пред таа да му биде предложена на градоначалникот за одобрување, како и урбанистичкиот план во фаза на урбанистичко планско решение пред да биде дадено на стручна ревизија. Работата на партиципативното тело е јавна.

Согласно одредбите на Законот за урбанистичко планирање, членовите на Партиципативното тело не ги следува надоместок за учество во неговата работа.

**6.Начин на работа:** Начинот на работа и бројот на членови на партиципативното тело се уредуваат во Деловникот на партиципативното тело што го донесува Советот на единицата на локалната самоуправа, при што бројот на граѓански членови на партиципативното тело што се пријавиле на доброволна основа не е ограничен.

**7. Дополнителни информации на: 034/225-278**

Бр.____________
од 09.02.2022година

ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА
ДОЈРАН

**АНГО АНГОВ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАДОНАЧАЛНИК * ОПШТИНА ДОЈРАН

______________________________